# ИЗВЕСТУВАЊЕ ДО МЕДИУМИТЕ

## Прослава на Плоштадот Македонија под мотото „ПРЕЗЕМИ ВОДСТВО. СТОП СИДА. ОДРЖИ ГО ВЕТУВАЊЕТО“

Во центарот на плоштадот Македонија ќе биде поставена 5 метри висока Црвена панделка изработена од црвени балони. Пред таблите со слоган на кампањата, НВО-волонтери во кутии ќе собираат индивидуални пораки и заложби за преземање водство. На присутните ќе им бидат поделени подароци со слоганот на кампањата, како и други едукативни материјали, црвени балони и кондоми.

| | |
|---|---|
| Време: | Сабота, 13.00 – 16.00 |
| Место: | Плоштад Македонија |
| Организатори: | УНАИДС & НВО ХЕРА |

## Настан на Скопското лизгалиште “Скрши го мразот-Преземи водство“

Забавно-едукативниот настан за младите е можност за нив да ја проследат Дани, како регионално заштитно лице на УНФПА за превенција на ХИВ/СИДА кај младите, со новата песна и видео спот „ХЕРОЈ“, спонзорирани од УНФПА. Исто така, премиерно ќе биде прикажан едукативениот филм *„Внимание! Може да се случи секому, може да ти се случи тебе! Користи кондоми. Спречи ја СИДА-та“* изработен од Y-PEER Македонија со поддршка од УНФПА и „Staying alive“ на MTV(Ем-Ти-Ви). Македонскиот филм е селектиран во меѓународна конкуренција на 26 предложени сценарија, и наскоро ќе почне неговото прикажување на музичката телевизија MTV. Настанот ќе биде проследен со шоу со уметничко лизгање,забава со Диџеј Вишко и делење едукативни материјали и кондоми. Комбето за VCT (Volunteer Confidential Counseling and Testing, т.е. Доброволно доверливо советување и тестирање) ќе биде поставено на влезот на лизгалиштето, додека волонтери ќе промовираат и ќе им нудат на присутните бесплатно доверливо советување и тестирањате за ХИВ/СИДА.

| | |
|---|---|
| Време: | Сабота, 18.00 – 20.00 |
| Место: | Скопско лизгалиште |
| Организатори: | УНФПА/Y-PEER, Министерство за здравство, Републички завод за здравствена заштита и НВО ХЕРА |

Медиумите се срдечно поканети да присуствуваат на овој настан и да допринесат за подигнување на јавната свест за ХИВ/СИДА.

За повеќе информации ве молиме контактријате ја Ирина Јаневска,Y-PEER соработник, УНФПА на тел.02 3249 579, 070 367 311